Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
ОКСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-391/2
14-05-2024 година

Постапувајќи по претставка бр. 08–391/1 од 26.04.2024 година, поднесена од [redacted] од Скопје, со адреса на живеење на [redacted] во Скопје, за извршена дискриминација во областа на работата и работните односи, од страна на Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21 став (1) точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација ("Службен Весник на Република Северна Македонија", бр. 258/20), го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**

**СЕ ОТФРЛА** претставката бр. 08–391/1 од 26.04.2024 година, поднесена од [redacted] од Скопје, со адреса на живеење на [redacted] Скооје, **ЗАРАДИ НЕНАДЛЕЖНОСТ.**

**О б р а з л о ж е н и е**

На 26.04.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во понатамошниот текст: Комисијата) беше поднесена претставка за заштита од дискриминација од страна на [redacted] од Скопје, со адреса на живеење на [redacted] во Скопје, за извршена дискриминација во областа на работата и работните односи, од страна на Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија

Согласно наводите во претставката во министерството бил објавен оглас за пополнување на работно место "Началник на Сектор за правни работи и заштита на лични податоци" при Биро за јавна безбедност. Избраниот кандидат според подносителката не ги исполнувал условите наведени во интерниот оглас според кој се барало кандидатот да има завршено Правен факултет и положен правосуден испит и да има поминато најмалку 1 (една) година од неговото последно унапредување. Воедно подносителката посочува дека постапката за избор не била спроведена транспарентно согласно закон, односно Комисијата за распоредување воопшто не била свикана и записникот не бил потпишан од сите членови. Посочува дека за проблемот претходно се обратила до Државниот инспекторат за труд, но од нивна страна било образложено дека не им биле дадени потребни битни докази од страна на вработена во Министерство за внатрешни работи – [redacted] во Оддел за заеднички работи и управување со човечки ресурси при БЈБ, на кој начин свесно го одолговлекувала процесот знаејќи дека инспекторите за труд не поседуваат

безбедносен сертификат. На овој начин подносителката смета дека врз неа била сторена дискриминација од страна на именуваната која според неа влијаела врз изборот на кандидат што не ги исполнувал условите, а на подносителката и било ускратено правото на унапредување и покрај тоа што ги исполнувала предвидените услови.

Од изнесеното во претставката, Комисијата утврди дека нема надлежност за постапување по конкретното прашање согласно нејзините утврдени надлежности со член 21 став (1) од Закон за спречување и заштита од дискриминација. Имено, подносителката навремена заштита на правата од работен однос може да побара пред Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен или да иницира постапка пред надлежен суд за решавање на спор од работен однос.

Врз основа на сето изнесено, се одлучи како во диспозитивот на овој заклучок.

Скопје
14.05.2024 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател на Комисијата
Игор Јадровски

Доставено до:
- [redacted]
- Архива на КСЗД



ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk